# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ЈУНИ 2024 г.







**Специјална и награда за инструментален настап на ФА „Љупчо Сантов“ во Бугарија**

Педесетина членови на Фолклорниот ансамбл „Љупчо Сантов“ од Оризари од 31 мај до 2 јуни учествуваа на два фестивала во Бугарија.

На Меѓународниот детски етнофестивал „Децата на Балканите – со духовност во Европа“ одржан во Минерални Бањи, Хасково, членовите на „Љупчо Сантов“, на возраст од 11 до 14 години, освоија Специјална награда и трето место за инструментален настап. На сцената во Летниот театар во Општина Минерални Бањи годинава учествуваа повеќе од 1.800 деца од седум земји. Во текот на двата фестивалски дена беа прикажани 299 уметнички кореографии.

ФА „Љупчо Сантов“ учествуваше и на 121. Празник на розата, што се одржан во Казанлак, збратимена општина со Кочани. Членовите на Ансамблот имаа четири настапи на оваа манифестација и беа дел од дефилето со над 10 илјади учесници од Бугарија и од пет држави.
Ансамблот продолжува со повеќе активности во летниот период од годината.



**Потпишан договор за изведба на новопроектирана улица на „Пониква“**

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го потпиша договорот за изведба на новопроектирана улица со должина од 340 м, во СРЦ „Пониква“. Потпишувањето на договорот е по спроведена јавна набавка од Центарот за развој на Источниот Плански Регион, а за изведувач е избран „Дикор ЦД“ од Струмица.

| | |
|---|---|
|  | Реализацијата е со средства за планските региони обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, Центарот за развој на Источниот Плански Регион и од Буџетот на Општина Кочани – со одлука на Советот на Општина Кочани за кофинансирање на проектот „Уредување на СРЦ Пониква“.<br><br>Крајниот рок за изведба на новопроектираната улица на Пониква е 30 ноември 2024 година. |
|  | **Градоначалникот Љупчо Папазов го честита Курбан бајрам**<br><br>По повод верскиот празник Курбан бајрам, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов упати честитка до граѓаните со исламска вероисповед, посакувајќи им духовен мир и радост.<br><br>– Големиот верски празник Курбан бајрам нека биде мотив да ги избираме толеранцијата, солидарноста, меѓусебното разбирање и почитување и со нив да градиме поубава иднина за нашата општина и за сите граѓани. Верската различност да биде мост што зближува и обединува – стои во честитката од градоначалникот Папазов. |
| <br><br> | **Локалниот совет за превенција донесе заклучоци за справување со состојбата на Градската депонија во Кочани**<br><br>Локалниот совет за превенција на Општина Кочани денеска одржа состанок со единствена точка на дневниот ред: Заштита од пожари на подрачјето на општина Кочани и преземање посебни мерки и активности за заштита на Градската депонија во Кочани.<br><br>Локалниот совет побара од Министерството за животна средина финансиски средства за справување со проблемите со Градската депонија во Кочани до изградбата на Регионалната депонија во Свети Николе и донесување посебен правилник за определување тарифа за услугите што ги дава КЈП „Водовод“ – Кочани на другите соседни општини, коишто го депонираат нивниот отпад на Градската депонија во Кочани. Советот донесе заклучок да се врши строга контрола на Градската депонија и да се оневозможи влегување на неовластени лица кои го палат отпадот и предизвикуваат пожари, во што посебна помош се бара од вработените во МВР – ОВР – Кочани.<br><br>Локалниот совет за превенција бара од КЈП „Водовод“, да ја огради и осветли Градската депонија во Кочани со што ќе ја зголеми нејзината превенција и заштита. Се бара да се организират заеднички патроли кои ке ги покриват |

| | |
|---|---|
| | главните пунктови на патиштата што водат кон ридско-планинскиот регион, а во известувањето и алармирањето за состојбите на теренот да се вклучат и претседателите на месните заедници, невладиниот сектор и локалните медиуми.<br><br>Присутните членови на Локалниот совет изгласаа заклучоци со кои бараат координирано дејствување на државните и локалните институции на подрачјето на општина Кочани: Територијалната противпожарната единица – Кочани, Доброволното противпожарно друштво – Кочани, МВР – ОВР – Кочани, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Шумската полиција, ЈП „Македонски шуми“ ШС „Осогово“ – Подружница – Кочани, Општинскиот кризен штаб, граѓанскиот сектор и други субјекти, кои ќе придонесат за спречувањето пожари. |
| <br> | **Градежни активности на улиците „Гоце Делчев“ и „Борис Трајковски“**<br><br>Во тек се градежни работи од двете страни на Кочанска Река, во непосредна близина на Градскиот пазар.<br><br>Се работи на ископ на тротоарите на улицата „Гоце Делчев“, а КЈП „Водовод“ изработи шахта за премин на водоводната линија преку реката. Улицата „Гоце Делчев“ ќе биде рехабилитирана во должина од 690 м.<br><br>На ул. „Борис Трајковски“ се поставуваат улични рабници и павер елементи, а на тротоарите се засадуваат дрвца. Градежните работи на двете улици ги изведуваат „Ескаватори МК“ и „Ескаватори Косово“. |
|  | **Асфалтиран дел од улицата „Страшо Пинџур“**<br><br>Заврши асфалтирањето на дел од улицата „Страшо Пинџур“, во Стришани, во должина од 150 метри. Улицата е со ширина од 5 метри.<br><br>Изведувач на работите е фирмата „Стоименов“ од Кочани.<br><br>Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани. |

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ







**Советот на Општина Кочани ја одржа 47. седница**

На 47. седница што Советот на Општина Кочани ја одржа на 14 јуни 2024 година беа усвоени измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Кочани за тековната година, како и Планот за изменување на Планот на програмите за развој.

Членовите на Советот ги усвоија измените и дополнувањата во Програмата за уредување и одржување на градското зеленило на територијата на Општина Кочани, набавка, поставување и одржување урбана опрема, одржување детски игралишта и одржување на фонтаната „Зрно“, и измените во програмите за: изградба на јавно осветлување; изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти; уредување на градежно земјиште; изградба и одржување на општинските патишта и улици; за изградба на фекална и атмосферска канализација и измените во Програмата за локален економски развој и во Програмата за спорт.

Советот донесе одлука за обезбедување финансиски средства од Буџетот на Општина Кочани за преземање итни мерки за заштита од пожари со посебен акцент на Градската депонија и одобри финансиска помош на Здружението за помош и поддршка на талентирани ученици и на млади „Бистри умови“ од Кочани.

На 47. седница беа донесени и одлуки за сопствено учество на Општина Кочани, односно кофинансирање на проектите „Партерно уредување на ООУ Раде Кратовче“ и „Уредување на паркот во месноста Бавчалук“.
Советот ги дополни критериумите за распределба на блок-дотации на општинските основни и средни училишта за 2024 година.


**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**